**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

---

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ И НА СЛУЖБЕНИ ПРЕТПЛАТНИЧКИ ИДЕНТИФИКАЦИОНИ МОДУЛИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**Скопје, септември 2009 година**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08), а во врска со Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/03, 121/06, 158/07 и 64/09), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ И НА СЛУЖБЕНИ ПРЕТПЛАТНИЧКИ ИДЕНТИФИКАЦИОНИ МОДУЛИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за користење на службени мобилни телефони и на службени претплатнички идентификациони модули во Министерството за внатрешни работи бр. 13.1-32681/1 од 14.05.2007 година, бр. 13.1-49125/1 од 27.07.2007 година, бр. 14.1-31600/1 од 15.05.2009 година и бр. 14.1-49593/1 од 27.07.2009 година, во членот 4 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Право на користење на мобилен телефон со ограничување на висината на сметката до определен износ, имаат следните функционери и работници на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството):

| | |
|---|---|
| - Министер за внатрешни работи | 3.920,00 денари |
| - Заменик на министерот за внатрешни работи | 3.360,00 денари |
| - Државен секретар | 2.800,00 денари |
| - Директор на Бирото за јавна безбедност | 2.800,00 денари |
| - Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање | 2.800,00 денари |
| - Помошник на министерот | 1.960,00 денари |
| - Заменик на директорот на Бирото за јавна безбедност | 1.850,00 денари |
| - Заменик на директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање | 1.850,00 денари |
| - Началник на Централни полициски служби | 1.680,00 денари |
| - Началник на Сектор за внатрешни работи Скопје | 1.570,00денари |

Право на користење на службена ПИМ картичка со ограничување на висината на сметката до определен износ, имаат следните работници на Министерството:

| | |
|---|---|
| - Помошник на началникот на Централните полициски служби | 1.570,00 денари |
| - Државен советник | 1.510,00 денари |
| - Виш советник во кабинетите на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар | 1.460,00 денари |
| - Помошник директор во Бирото за јавна безбедност | 1.400,00 денари |
| - Советник на заменикот на министерот за внатрешни работи | 1.400,00 денари |
| - Шеф на кабинет во Кабинетот на директорот на Бирото за јавна безбедност | 1.120,00 денари |
| - Виш советник на директорот на Бирото за јавна безбедност | 1.120,00 денари |
| - Началник на Сектор во седиштето на Министерството | 1.120,00 денари |
| - Началник на Регионален центар за гранични работи | 1.120,00 денари |
| - Началник на Оддел во Централните полициски служби | 1.120,00 денари |
| - Началник на Оддел во Управата за безбедност и контраразузнавање | 1.120,00 денари |
| - Командант на Единица за обука и поддршка | 1.120,00 денари |
| - Командант на Единица за специјални задачи | 1.120,00 денари |
| - Командант на Единица за брзо распоредување | 1.120,00 денари |
| - Началник на Единица за надворешно обезбедување на објекти | 1.120,00 денари |
| - Началник на Единица за безбедност на патниот сообраќај на автопат | 1.120,00 денари |
| - Началник на Единица за службени кучиња и службени коњи | 1.120,00 денари |
| - Началник на Хеликоптерска единица | 1.120,00 денари |
| - Началник на Единица во Одделот за организиран криминал во Централните полициски служби | 1.120,00 денари |
| - Началник на Дежурен центар за состојба | 1.120,00 денари |
| - Началник на Сектор за внатрешни работи | 1.120,00 денари |
| - Помошник началник во Сектор за внатрешни работи-Скопје | 1.120,00 денари |
| - Началник на Единица за криминалистички работи во Секторот за внатрешни работи-Скопје | 1.120,00 денари |
| - Помошник началник на Оддел во Централните Полициски служби | 960,00 денари |
| - Началник на Одделение во седиштето на Министерството | 840,00 денари |
| - Главен инспектор-раководител на тим | 840,00 денари |
| - Главен внатрешен ревизор-раководител | 840,00 денари |
| - Помошник началник во Сектор за внатрешни работи | 840,00 денари |

| | |
|---|---|
| - Началник на одделение во Сектор за внатрешни работи-Скопје | 840,00 денари |
| - Главен инспектор-раководител на отсек и надворешна канцеларија во Одделение за криминалистички работи во Сектор за внатрешни работи | 840,00 денари |
| - Комесар за работи на ЈРМ во Секторот за внатрешни работи-Скопје | 840,00 денари |
| - Комесар за криминалистички работи во Секторот за внатрешни работи-Скопје | 840,00 денари |
| - Комесар за сообраќајни работи во Секторот за внатрешни работи-Скопје | 840,00 денари |
| - Командир на Дежурен оперативен центар во Секторот за внатрешни работи-Скопје | 840,00 денари |
| - Командир на полициска станица од општа надлежност | 640,00 денари |
| - Командир на полициска станица во Одделот за посебни единици во Централните полициски служби | 640,00 денари |
| - Командир на Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај во Сектор за внатрешни работи-Скопје | 640,00 денари |
| – Командир на Полициска станица во Регионален центар за гранични работи | 640,00 денари |

Во ставот 3 бројот „560“ се заменува со бројот „450“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 141-60758/1**

22.09.2009 **2009 година**

**Скопје**

**МИНИСТЕР**

**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

*М-р Гордана Јанкулоска*